USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# РЕЗУЛТАТИ ОД ПАРТНЕРСТВОТО НА ОПШТИНАТА СО ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

## ПЕХЧЕВО

Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (2021-2026) им помага на единиците на локалните самоуправи да ги зголемат приходите од сопствени извори, да обезбедат поголемо надворешно финансирање, да ја зголемат стапката на реализација на буџетот и да го унапредат извршувањето на децентрализираните надлежности.

Општина Пехчево беше една од третата група на 24-те партнер општини кои соработуваа со Проектот од **мај 2023 година до декември 2024 година**. Како резултат на **18 месечното партнерство и добиената техничка поддршка**, со Општина Пехчево се остварени следните **резултати**:

- Зголемена наплата на **приходи од сопствени извори** за **8[1]%** и зголемена **наплата на данокот на имот** за **130%,**
- **Подготвен Извештај со препораки** за подобрување на организациските капацитети за администрирање на локалните даноци,
- **Зголемен капацитет на даночното одделение** за ажурирање на базата на податоци за данок на имот,
- **Ажурирана база на податоци за данок на имот со поддршка на практикант**, за чиј ангажман Проектот обезбеди финансиски средства за период од 6 месеци,
- Информирање на даночните обврзници за плаќањето на данокот на имот, преку едукативната кампања **"Мој данок за мојата општина"** споделена на веб-страницата на општината,
- Унапредени капацитети за ефикасна примена на сите механизми за наплата на локалните даноци и такси и **подобрена даночна дисциплина на обврзниците**,
- Зголемен индекс на **даночна транспарентност** на Општина Пехчево за 2023-2024 на **42%**, во однос на 2022-2023 кога изнесувал 29%,
- Зголемен индекс на **буџетска транспарентност** за 2023-2024 на **15** индексни поени (од можни 16), во однос на 2022-2023

[1] Според методологијата за известување на Проектот која е на фискално ниво, т.е. од 1 октомври 2023 до 30 септември 2024.



**Пакетот на прилагодена Техничка помош на Општина Пехчево вклучуваше 18 активности насочени кон:**

- унапредување на капацитетите за диверзификација, планирање и прибирање на приходите од сопствени извори преку учество на: обуки на работно место, менторски средби, тематски форуми и јавни настани,
- подобрување на капацитети за подготовка на успешни апликации за проекти согласно Прирачникот за подготовка и спроведување на проекти во ЕЛС во 7 чекори, менторски средби, учество на работилници и обуки,
- споделување на добри практики за локален економски развој,
- унапредување на буџетското планирање и извршување, и родово одговорно буџетирање согласно Прирачникот за буџетирање во ЕЛС во 7 чекори, менторски средби, работилници и обуки,
- унапредување на внатрешната ревизија согласно Водичот за внатрешна ревизија
- стекнато основно ниво на знаење за мерењето на успешноста во управувањето со јавните финансии, согласно претходно утврдени индикатори,
- подобрување на внатрешната комуникација преку системски регулирани политики и
- унапредување на транспарентноста на локално ниво согласно Кодексот за транспарентност на локално ниво.

● Ул. Козле, бр. 1 б, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
● info@srmamk.com ● FB SRMANorthMacedonia

кога изнесувал 13 индексни поени,

- Подобрена информираност за надлежностите на општината, преку кампањата **“Општина на дланка”** споделена на веб-страницата,
- Подготвен и објавен **Граѓански буџет за 2024** на веб-страницата,
- Подготвена и објавена **Процедура за извршување на расходите на Буџетот** на Општина Пехчево, на линкот,
- Подготвена и објавена **Процедура за внатрешна комуникација на Општината, на** веб-страницата,
- Подготвен **План за локален економски развој,**
- Изработена **Урбана ревизија** согласно Методологијата за Урбанистичка Ревизија,
- Основан **Локален економско социјален совет,**
- Изработен и споделен модел за изработка на **бизнис информатор,** и
- **Информирање  за отворени повици за проекти.**

**Пакетот на прилагодена Техничка помош** на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите вклучуваше и изработка на следниве документи кои им беа дадени на партнер општините за понатамошно користење:

- ПРИРАЧНИК за подготовка и спроведување на проекти во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори
- ПРИРАЧНИК за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори
- ВОДИЧ со добри практики за внатрешната ревизија во општините
- КОДЕКС за транспарентност на локално ниво
- ПРИРАЧНИК за постапување на единиците на локалната самоуправа во услови на финансиска нестабилност
- ИЗВЕШТАЈ за фискална транспарентност кај општините-буџетска и даночна транспарентност
- МЕТОДОЛОГИЈА за урбанистичката ревизија
- ПРИРАЧНИК за општинската администрација за транспарентност во јавните финансии: фискална, буџетска и даночна транспарентност
- Прирачник за поефикасна внатрешна комуникација во општините
- Прирачник за управување и транспарентност на договорите за јавни набавки
- Прирачник за самооценување на успешноста во управувањето со јавните финансии  во ЕЛС





● Ул. Козле, бр. 1 б, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
● **info@srmamk.com** ● FB SRMANorthMacedonia